# FOREVER

MACEDONIA

Декември 2017 | Број 194

# ПОДАРОЦИ ОД ФОРЕВЕР

## ОДБРАНИ СО МИСЛА И ВНИМАНИЕ

**SUCCESS DAY**

**28.01.2018**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**




## НАГРАДАТА КОГА ПОМАГАШ

**Rex Maughan**

## ОТКРИЈТЕ, КОНЦЕНТРИРАЈТЕ СЀ, ФИНИШИРАЈТЕ

**Gregg Maughan**

FOREVER®



# Откријте, концентрирајте сè, финиширајте

**Еден од најголемите бродови во флотата на Royal Caribbean беше дом на нашите Менаџери ОРЕЛ оваа година. Можете ли да си претставите колку треба да е огромен бродот, за да се сместат илјадници сопственици на Форевер бизнис плус лизгалиште на мраз, театар, десетици продавници, неколку ресторани, многу базени и илјадници кабини? Крузерот на кој бевме, со право го носи името Freedom of the Seas (Слобода на морињата), долг е повеќе од 338 метри и има вкупно 18 палуби!**

Секако дека огромниот број на луѓе кои може да се сместат на бродот е неверојатен, но најмногу ме фасцинираше моќноста на оваа машина и начинот како се управува. Последниот ден имав можност да го видам мостот на бродот каде капетанот ја врши својата работа. Зачудувачки е што тој го управува гигантскиот брод само со неколку едноставни уреди. Гледајќи како малата рачка и неколку регулатори ја насочуваат огромната машина со таква прецизност, се сетив на едноставните работи што ги правиме и имаат огромен ефект на нашиот бизнис.

Овогодинешните обуки за време на средбата на Менаџерите ОРЕЛ беа во три насоки – **откријте, концентрирајте сè и финиширајте.**

**Откријте** – дефинирајте ги вашите цели. Што очекувате од патувањето со Форевер? Нацртајте ја маршрутата.

**Концентрирајте сè** – како ќе го остварите? Преземете ја контролата во свои раце.

**Финиширајте** – посветете сè да го постигнете тоа што сте го поставиле за цел и не дозволувајте ништо да ве поколеба.

Бизнисот може да ви изгледа како нешто огромно со многу подвижни делови, но исто како овој гигантски брод, ако совладате неколку мали нешта, може да постигнете неверојатна моќност и импулс! И ако го третирате квалификациониот период на истиот начин како качувањето на бродот – треба да стапнеш на бродот пред тој да отплови, гарантирано ќе успевате секој пат.

Сега насочете го погледот кон премин на финалето за Глобалното рели и за Средбата на ОРЛИТЕ во 2018-та. Сигурен сум дека ако ја примените формулата „откријте, концентрирајте сè и финиширајте“ за вашиот бизнис во ова последно тримесечје на годината, ништо нема да ве спречи да нѝ се придружите за да ја прославиме нашата 40 - годишнина во САД.

Не престанувајте да се насмевнувате,

**Gregg Maughan**

Претседател на Форевер Ливинг Продактс





# Наградата кога помагаш



**Нашите Менаџери ОРЕЛ неодамна се вратија од незаборавното патување. Оние од вас, кои сѐ уште не биле на отворено море – било во мал или во голем брод, навистина пропуштаат нешто неверојатно!**

Помислата што искусиле ОРЛИТЕ – ветерот што им свирел покрај ушите, вкусот на сол во воздухот, ме враќа во многу важен период од животот.

Кога имав околу 20, отидов на патување во земја која и денес зазема посебно место во моето срце – Самоа. Пловевме две седмици на отворено море. Нешто што започна како волонтерска мисија во една земја многу различна од мојот дом, прерасна во стремеж да ги запознавам другите култури и уште повеќе – во пламена желба да помагам.

Со текот на годините, откако оставив дел од моето срце на островите Самоа, имав можност да се вратам таму многу пати. Среќни сме што можевме да го реставрираме домот на познатиот писател Робер Луис Стивенсон и да го претвориме во музеј, кој и до денес е една од водечките туристички атракции на островите. Успеавме да ги сочуваме горите на Самоа од сечење и така да дадеме можност на повеќе луѓе да ги посетуваат прекрасните острови и да уживаат во нивната природа. Безброј се останатите проекти во Самоа, за кои сме горди што сме учествувале низ годините.

Често ме прашуваат што во Самоа може да го освои срцето на еден млад човек за цел живот. Има многу одговори – луѓето, културата и храната се само неколку од нив. Најпосле, станува збор за истото што со години го распалува мојот ентузијазам во Форевер – можноста да даваш од себе си, да помагаш и да имаш позитивно влијание.

Многумина од вас имаа можност да се вклучат во различни кампањи на Форевер и Форевер Гивинг. Минатогодишната иницијатива „Дар за Финеас“ во Јужна Африка сѐ уште ме восхитува. Облеката и играчките кои ги собравме за луѓето од Совето ги надминаа и најсмелите наши мечти и позитивниот впечаток остана долго откако си заминавме. Знам дека изминатата година многу од нашите држави во светот организираа настани за пакување на храна за „Да се исправиме против гладот“ и така помогнаа да бидат нахранети многу семејства во целиот свет. Дали знаете дека со многу ја натфрливме нашата цел од 1 милион оброци за 2017-та?

Настаните како овие се важни, бидејќи кога помагаме, имаме можност да ги поддржиме луѓето кои имаат потреба, да сочувствуваме со нив и да научиме повеќе за светот околу себе. Сфатив дека да давам, го збогатува мојот живот. Мојата врска со Самоа, што се случи пред толку години и која продолжи целиот мој живот, во голема мера се должи на фактот колку земјата ми ги отвори очите.

Се надевам дека во моментите кога стоите на палубата на бродот за време на заслуженото патување, ја возите новата кола или уживате во тивко попладне со семејството, одвојувате време да се запрашате – што можам да им дадам на другите денес? Затоа што, како што велат – кога човек дава, за возврат добива многу повеќе.

**Засекогаш Ваш,**



**Rex Maughan**

**„Мојата страст во текот на годините во Форевер: можноста да се помага и да се направи позитивно влијание.“**



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА

## Клуб 4 – ниво 2

Пановска Оливера
Гелевска Елена

## Златен клуб 100

Михајловски Слафко и Верка
Трајчевски Катерина и Методи
Крстеска Блага
Малинова Зорка и Васил
Донакова Славица
Златковска Вера
Гелевски Роза и Драган

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Дамјаноска Блага – Скопје
2. Донева Моника – Неготино
3. Доневска Наташа – Штип
4. Ѓоргиева Виолета – Штип
5. Иванов Марина - Лесковац
6. Јошевска Јадранка – Куманово
7. Јовановска Елена – Велес
8. Кицукова Голубовска Катица – Скопје
9. Кралиевска Илиевска Катерина – Куманово
10. Љутфиу Пранвера – Куманово
11. Мемети Мирсада – Куманово
12. Митковска Лидија – Куманово
13. Младенов Сашко – Штип
14. Настеска Васе – Скопје
15. Саити Блерина – Куманово
16. Савевска Сузана – Скопје
17. Стојанова Билјана – Росоман
18. Стојковска Мандиќи, Габриела – Скопје
19. Танеска Весна – Скопје
20. Усеини Делвина – Гостивар
21. Халити Елмази Вјолца – Гостивар
22. Цветковиќ Анџелија – Лесковац
23. Шермине Сефери - Гостивар

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Гелевска Роза
2. Златковска Вера
3. Контра Снежана
4. Донакова Славица
5. Георгиевски Жарко
6. Крстеска Блага
7. Трајчевска Катерина
8. Михајловски Слафко
9. Димовска Стевица
10. Димовски Младен

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Гелевска Роза
2. Златковска Вера
3. Георгиевски Жарко
4. Димовска Стевица
5. Контра Снежана
6. Донакова Славица
7. Ѓоргиев Донче
8. Трајчевска Катерина
9. Николиќ Гордана
10. Петровска Македонка

## НАЈНОВО ИЗДАНИЕ НА КАТАЛОГОТ НА ПРОИЗВОДИ




## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.

# Посакајте сѝ промена



СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ









Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,

Наскоро ќе измине и декември и повторно ќе испратиме уште една успешна година за Форевер Ливинг Продактс Бугарија и Македонија. Година во која едни од вас продолжија да го менуваат својот живот, а други ги направија првите чекори и ги поставија темелите на свој сопствен бизнис со Форевер. Драго нѝ е што сме сведоци на толку многу приказни на промена и успех и особено сме среќни што го правите сето ова со насмевка на лицето.

Декември е месец исполнет со празници, воедно ќе ја дочекаме весело новата 2018 година. Уживајте во празниците, чувствувајте сѐ слободни и отпразнувајте ги успесите од изминатата година. Вие сте направиле избор во животот кој ќе ви даде можност и во целата следна година, како и во многу други во иднина да уживате во предностите што сте независни претприемачи, кои сами ја одредуваат својата судбина, сами го управуваат своето време и сами го планираат својот успех.

И во овој момент не е важно што ние би ви посакале за следната година, бидејќи најважно е што ВИЕ ќе си посакате за неа и што сте спремни да направите за да ги исполните своите желби. Затоа посакајте сѝ ги нештата кои сакате да ги промените во вашиот живот во новата година, и работете здраво за нивното остварување.

А ние ќе бидеме со вас, ќе ве поддржиме и ќе се радуваме на успехот на секој од вас!

И не заборавајте да ги израдувате вашите најблиски со подароци од Форевер!

## Среќни Новогодишни и Божиќни празници!

**Со љубов и секогаш со Вас,**

*Стефан и Тања Стаеви*




2x YOUR FOREVER




**Forever Aloe Vera Gel®**
***Гел од алое вера***

Првиот производ кој добил сертификат од Меѓународниот научен совет за алое заради својата чистота. Гелот од алое вера го поддржува дигестивниот систем и го потпомага апсорбирањето на нутриенти. Со љубов ја извлекуваме корисната пулпа и течност од внатрешноста на листатот по патентирана и усовршена технологија, за да ја почувствувате моќта на природата.

Код: 015 I 1 л.

## *Класичните Форевер подароци, одбрани со мисла и внимание, секогаш радуваат.*




**Forever Aloe Lips® with Jojoba**
***Форевер алое липс***

Балсам за примамливи усни во секоја сезона со стабилизиран гел од алое вера, јојоба и три вида восок. Алое липс смирува и регенерира суви и испукани усни и ги заштитува од агресијата на животната средина. Ги заштитува вашите усни во текот на целата година.

Код: 022 I 4,25 г.




**Forever Arctic Sea®**
***Арктичко море***

Извонредна комбинација од рибино масло, масло од каламари и маслиново масло со висока содржина на олеин, тоа е еден од најдобрите омега-3, EPA и DHA додатоци на исхраната. Освен што содржи и витамин Е, Арктичко море содржи три чисти рибини масла: сардина, лосос и бакалар. Овој сеопфатен додаток во исхраната поддржува клучни системи во телото како кардиоваскуларниот, дигестивниот и имунолошкиот, а исто така и здравјето на мозокот и очите.

Код: 376 I 120 гел капсули




**Forever Brigh® Toothgel**
***Гел за заби Форевер брајт***

Одличен за деца, за вегетаријанци и... па за секого! Нежна формула без флуор, комбинација од алое вера, пчелен прополис и два вида мента за свежина и нежно белење на забите. Пчелниот прополис кој се користи за заштита на кошерите, во неколку стоматолошки истражувања дава ветувачки резултати дека има потенцијал да придонесе за комплетното здравје на усната шуплина. Свежиот мирис и чувството за чистота остануваат долго по миењето на забите.

Код: 028 I 130 г.

# *Избегнете го разочарувањето, така што ќе изберете оригинален подарок од Форевер.*




**Aloe Shave**
***Алое шејв***

Фантастичен пенлив гел кој секојдневното бричење го претвора во задоволство. Бројните хидратантни состојки ја омекнуваат, измазнуваат и освежуваат кожата. Состојка извлечена од масните киселини на кокосовото масло, придонесува за пенливоста на производот и ја хидратира кожата, а освежувачкото алое вера ја лади, смирува и регенерира.

Код: 515 I 142 г.




**Aloe Hand Soap**
***Алое сапун за раце***

Нов и усовршен, алое сапунот за раце ја смирува кожата при секое миење. Содржи чист 100% стабилизиран гел од алое вера и природни хидратантни состојки. Формулата без парабени и со нежни овошни екстракти ја омекнува и хидратира кожата.

Код: 523 I 473 мл.




**Aloe Vera Gelly**
***Алое вера желе***

Алоето делува благотворно на кожата на безброј начини, а нашето алое вера желе е толку чисто и моќно, како штотуку да сте го истиснале од листот на волшебното растение. Густото, проѕирно желе брзо се впива во кожата и ја хидратира, смирува и заштитува. Не остава траги на облеката и е одличен за углажување на лесни кожни иритации.

Код: 061 I 118 мл.

**Aloe Heat Lotion**
***Загревачки алое лосион***

Идеален јин и јанг – лосион за смирување на мускулите со загревачки состојки и разладувачки алое вера гел. Со свежа арома на ментол и еукалиптус, pH-балансираниот лосион со три масла во својот состав е одличен за длабока масажа и опуштање на изморени мускули. Иако брзо се впива, пријатната топлина ќе ја чувствувате долго време по нанесувањето.

Код: 064 I 118 мл.




**www.flp.bg**

# РАСПАЛЕТЕ ГО ВАШИОТ БИЗНИС ВО 2018

**Во 2018-та одбележуваме 40 силни години во бизнисот и затоа се враќаме дома, за да ги отпразнуваме!**

Помеѓу 22 и 30 април сите квалификувани за Глобалното рели ќе имаат можност да го посетат впечатливиот Далас во Тексас и да уживаат во многубројните атракции кои го прават посебно место за семејството на Форевер.

Тексас е дом на нашата фабрика „Алое Вера – Америка“ и на една од нашите три плантажи со омиленото растение, затоа не е само идеалното место да ја прославиме 40-годишнината, туку е и одличен простор да се вратиме на корените на Форевер.

**Немаме трпение да ве пречекаме дома догодина!**



#FGR18

GLOBAL RALLY DALLAS

22-30 APRIL 2018

foreverliving.com

40 YEARS FOREVER®